**ЗАПИСНИК**
**Од 62-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 18.07.2025 година, со почеток во 10:00 часот**

Скопје, јули 2025 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ
Бр.08-1716/3

**ЗАПИСНИК**
**Од 62-та седница на Советот на Општина Бутел**
**одржана на 25.07.2025 година, со почеток во 10:00 часот**

Шеесет и втората седница на Општина Бутел се одржа на 25.07.2025 година, во салата за седници во Општина Бутел.

На седницата присуствуваа советниците: Игор Николов, Никола Божиновски, Јасмина Кирковска, Теодора Спасенцовска, Игорче Милановски, Оливера Николовска, Весна Ѓорѓевска, Стојан Петкуќевски, Александар Ѓорчевски, Сељвете Муртези, Љејља Исени, Дарко Димовски, Мартин Бошковиќ, Оливера Ливриниќ,Чедо Николовски, Аљајдин Сали и Вулнет Селими.
Отсутен: . Ѓокица Божиновски

На седницата исто така присуствуваа и Градоначалникот на Општина Бутел г. Дарко Костовски, Шефот на кабинетот на Градоначалникот и Раководителот на секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов.
Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов.

Претседателот на Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинство членови и дека Советот може полноважно да одлучува.

За ова седница беше предложен следниот

**ПРЕДЛОГ - ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог – Одлука за учество на Општина Бутел со финансиски средства за изградба на поликлиника Бутел.

Претседателот на Советот Проф. Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по Предлог-Дневниот ред.

За збор се пријави советничката г-ца Јасмина Кирковска и побара дополнување на Дневниот ред со уште три точки:

- Предлог – Одлука за прифаќање донација.
- Предлог – План за дополнување на Планот за програмите за развој на Општина Бутел за 2025 година.
- Предлог - Измени и дополнување на буџетот на Општина Бутел за 2025 година.

За збор се пријави советникот г-ца Никола Божиновски и побара дополнување на Дневниот ред со уште една точка:

- Предлог – Одлука за утврдување на приоритет на проект Реконструкција на улица Крале Марко – Крак.

За збор се пријави советникот г-ца Игорче Милановски и побара дополнување на Дневниот ред со уште една точка:

- Предлог – Одлука за доделување на еднократна парична помош.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот го стави на гласање предложениот Дневен ред со дополнителните точки.

Советниците со 17 гласови „ЗА„ нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ го усвоија предложениот Дневниот ред со дополнителните точки.

**По првата точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за учество на Општина Бутел со финансиски средства за изградба на поликлиника Бутел,** збор и беше дадено на Претседателката на комисијата за финансирање, буџет и лер г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка.

Советничката истакна дека комисијата ја рагледа и прифати Предлог – Одлуката за учество на Општина Бутел со финансиски средства за изградба на поликлиника Бутел и ја доставува до Советот да ја донесе во предложениот текст.

Збор му беше дадено на Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев да даде образложение по оваа точка.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев даде детално образложение по Предлог – Одлуката за учество на Општина Бутел со финансиски средства за изградба на поликлиника Бутел.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по првата точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање првата точка од Дневниот ред.

Советниците со 17 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија првата точка од Дневниот ред.

**По втората дополнителна точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за прифаќање донација**, збор и беше дадено на Претседателката на комисијата за финансирање, буџет и лер г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка како предлагач на точката.

Збор му беше дадено на Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев да даде образложение по оваа точка.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев даде детално образложение по Предлог – Одлуката за прифаќање донација.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по втората дополнителна точка од Дневниот ред.

За збор се пријави Градоначалникот на Општина Бутел г. Дарко Костовски и изјави дека би сакал да упати голема благодарност и да ја поздрави намерата на општествено одговорнитре компании кои што прават на некој начин чудо, затоа што сумата за изработка на проектот е навистина голема. Нагласи дека се работи за навистина благородна работа и за историски настан Општина Бутел.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање втората дополнителна точка од Дневниот ред.

Советниците со 17 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија втората дополнителна точка од Дневниот ред.

**По третата дополнителна точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за утврдување на приоритет на проект Реконструкција на улица Крале Марко – Крак,** збор му беше дадено на советникот г. Никола Божиновски како предлагач на точката да даде извештај по истата.

Збор му беше дадено на Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев да даде образложение по оваа точка.

Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев даде детално образложение по Предлог – Одлуката за утврдување на приоритет на проект Реконструкција на улица Крале Марко – Крак.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по третата дополнителна точка од Дневниот ред.

За збор се пријави советникот г. Чедо Николовски и праша дали се работи за булеварот од лева страна што води накај обиколницата, односно дали тој пат се пробива.

На прашањето на советникот одговори Шефот на кабинетот на Градоначалникот г. Горјан Донев, му одговори дека се работи за улицата Марко Крале.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање третата дополнителна точка од Дневниот ред.

Советниците со 17 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија третата дополнителна точка од Дневниот ред.

**По четвртата дополнителна точка од Дневниот ред Предлог – План за дополнување на Планот за програмите за развој на Општина Бутел за 2025 година,** збор и беше дадено на Претседателката на комисијата за финансирање, буџет и лер г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка како предлагач на точката.

Збор му беше дадено на раководителот на Секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде детално образложение по оваа точка.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог – Планот за дополнување на Планот за програмите за развој на Општина Бутел за 2025 година.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по четвртата дополнителна точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање четвртата дополнителна точка од Дневниот ред.

Советниците со 17 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија четвртата дополнителна точка од Дневниот ред.

**По петата дополнителна точка од Дневниот ред Предлог - Измени и дополнување на буџетот на Општина Бутел за 2025 година,** збор и беше дадено на Претседателката на комисијата за финансирање, буџет и лер г-ца Јасмина Кирковска да даде извештај по оваа точка како предлагач на точката.

Збор му беше дадено на раководителот на Секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов да даде детално образложение по оваа точка.

Раководителот на Секторот за финансиски прашања г. Андреј Димов даде детално образложение по Предлог - Измените и дополнувањата на буџетот на Општина Бутел за 2025 година.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по петата дополнителна точка од Дневниот ред.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање петата дополнителна точка од Дневниот ред.

Советниците со 17 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија петата дополнителна точка од Дневниот ред.

**По шестата дополнителна точка од Дневниот ред Предлог – Одлука за доделување на еднократна парична помош,** збор му беше даден на советникот г. Игорче Милановски како предлагач на точката да даде детален извештај по истата.

Советникот г. Игорче Милановски даде детално образложение по Предлог – Одлуката за доделување на еднократна парична помош.

Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов отвори расправа по шестата дополнителна точка од Дневниот ред.

За збор се пријави советникот г. Чедо Николовски и изјави дека спортистката која е предложена да и се доделат финансиски средства е врвен спортист и можеби најталентирана. Советникот истакна дека спортиската Марија Спирковска е на некој начин оштетена бидеќи, ако не излезеше во пресрет Општина Бутел таа ќе се откажела бидејќи

федерацијата не ја подржала финансиски, нагласи дека исто така е и стипендистка на Општина Бутел. Советникот изјави дека Марија Спирковска е квалитетен спортист и дека е сигурен дека ќе донесе одлични резултати.

Бидејќи никој друг не се пријави за збор Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов ја стави на гласање шестата дополнителна точка од Дневниот ред.

Советниците со 17 гласа „ЗА“, нема „ПРОТИВ“ и нема „ВОЗДРЖАНИ“ ја усвоија шестата дополнителна точка од Дневниот ред.

Бидејќи Дневниот ред се исцрпи Претседателот на Советот Проф. д-р Игор Николов констатираше дека шеесет и втората седница на Советот на Општина Бутел е завршена.

**ПРЕТСЕДАВАЧ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ**
Чедо Николовски